**Барање 23-4358**

Записници од евалуација на кандидати на последниот спроведен оглас за избор на директор на ЈОУ Дом на култура “Иван Мазов”-Климе – Кавадарци.

**Одговор 23-4358**

Согласно Законот за култура, Јавните конкурси за избор на директори на Јавните Установи ги распишува Градоначалникот на Општина Кавадарци. Кандидатите ги доставуваат пријавите со потребните документи до Управниот Одбор на ЈОУ Дом на култура “Иван Мазов-Климе”-Кавадарци, кој што ја врши евалуацијата на пријавените кандидатите. По завршувањето на конкурсот, Управниот одбор доставува предлог до Градоначалникот на општината. Во однос на горенаведеното , вашето барање е препратено до ЈОУ Дом на Култура “Иван Мазов-Климе”-Кавадарци.

Во прилог копија од препратеното барање во електронска форма за понатамошна комуникација.